REGIONAL ENVIRONMENTAL CENTER

До:

Petre Piruze 12/6

1000 Skopje

Republic of North Macedonia

Tel: +389 2 3090 135

www.mk.rec.org

Скопје, 5 ноември 2019 г. 03-205/1

**Предмет: Покана за учество на национален промотивен настан: "*Придобивки од спроведувањето на енергетска ефикасност во индустриите во Република Северна Македонија*", 21 ноември 2019 г., Хотел Александар Палас, Скопје**

Почитуван/а г./г.ѓа,

Со особено задоволство, би сакала да се осврнам на проектот „Поттикнување на пазарна трансформација за енергетска ефикасност во индустријата и забрзување на инвестициите во најдобри практики и технологии во Република Северна Македонија", финансиран од Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ), а којшто се спроведува од страна на Организацијата за индустриски развој на Обединетите Нации (УНИДО) и Регионалниот центар за животна средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) – *Канцеларија во Македонија*, со поддршка на Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија и Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија.

Во име на УНИДО и Канцеларијата на РЕЦ во Македонија, би сакала да Ве поканам на **националниот промотивен настан** за енергетска ефикасност во индустријата (ИЕЕ) насловен како „*Придобивки од спроведувањето на енергетска ефикасност во индустриите во Република Северна Македонија*", што ќе се одржи на **21 ноември 2019 година** во хотелот Александар Палас, Скопје. Настанот го организираат УНИДО и РЕЦ, заедно со Стопанската комора и Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија.

Настојувајќи да ја нагласиме вредноста од спроведувањето на најдобрите достапни технологии за енергетска ефикасност во индустријата, како што се системите за управување со енергијата и оптимизација на енергетските системи, овој настан има за цел да покаже дел од постигнатите резултати на ГЕФ проектот и да ги истакне високите економски придобивки и придонесот, што енергетската ефикасност го има во намалувањето на потрошувачката на енергија во индустријата и во земјата воопшто, како и да го истакне придонесот во намалувањето на $CO_2$ емисиите.

Имајќи ја предвид Вашата посветена работа во полето на Вашето делување и придонесот што го давате за промовирање и унапредување на енергетската ефикасност во индустријата и енергетската ефикасност воопшто, УНИДО и РЕЦ со особено задоволство Ве поканува и го очекува Вашето присуство на националниот промотивен настан.

Во оваа прилика, го доставуваме првиот нацрт дневен ред на настанот, на којшто се очекува присуство на различни заинтересирани страни, како:

- Владини и јавни институции со надлежност во областа на енергетската ефикасност во индустрија и климатски промени
- Стопанска комора на Македонија
- Индустриски и компании од комерциајлниот сектор
- Банки во РСМ, како Националната банка за поддршка на развојот
- Академски и научно-истражувачки институции
- Меѓународни институции и билатерални донатори (УСАИД, ЕБРД, ГИЗ и други)
- Национални даватели на услуги за енергетска ефикасност во индустријата и другите сектори
- Невладини организации, граѓански здруженија, вклучително здруженија раководени од жени

Во очекување на Вашиот позитивен одговор, искрено Ве поздравувам и се надевам на понатамошна заедничка соработка.

Со почит,

РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ЗА ЦЕНТРАЛНА И ИСТОЧНА ЕВРОПА КАНЦЕЛАРИЈА ВО МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

**Милена Манова Илиќ**
В Д Директор
*Канцеларија на РЕЦ во Македонија*

Cc: Г.ѓа Весна Индова
Оперативно контакт лице за ГЕФ во РСМ

Г. Марко Матеини
Службеник за индустриски развој, Оддел за Енергија, УНИДО